Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр. 08-542/1
08.06 20 26 год.
Новаци

# ЈАВЕН ПОВИК

## За пријавување на жители од Општина Новаци за избор на најдобро уреден двор за 2026 година

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19 и 16/24), како и Одлуката за распишување на Јавен конкурс за избор на најдобро уреден двор во Општина Новаци донесена од Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 28.05.2026 година, Општина Новаци објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

за избор на најдобро уреден двор во Општина Новаци за 2026 година

### 1. Предмет на повикот

Општина Новаци ги повикува сите жители на општината да учествуваат во изборот на **најдобро уреден двор за 2026 година**, со цел поттикнување на уредувањето на животната средина, развој на еколошката свест и разубавување на населените места во општината.

### 2. Право на учество

Право на учество имаат сите жители на Општина Новаци кои поседуваат или користат двор на територијата на општината.

### 3. Начин и рок на пријавување

Пријавите се поднесуваат во Архивата на Општина Новаци секој работен ден во периодот од:**08.06.2026 година до 31.08.2026 година**

Кон пријавата потребно е да се достават:

- Пополнета пријава (образец во прилог на Јавниот повик);
- Фотографии од дворот кој се пријавува на конкурсот.

### 4. Постапка за избор

Постапката за избор на трите најдобро уредени дворови ќе ја спроведе **Комисија формирана од Советот на Општина Новаци**, која ќе изврши увид и оценување согласно утврдените критериуми.

### 5. Награди

За трите најдобро уредени дворови се предвидени следните парични награди:

1. **Прва награда – 30.000 денари**
2. **Втора награда – 20.000 денари**
3. **Трета награда – 10.000 денари**

Средствата ќе бидат исплатени со посебно Решение донесено од Градоначалникот на Општина Новаци.

## 6. Објавување на резултатите

Резултатите од конкурсот ќе бидат објавени на официјалната веб-страна и на социјалните мрежи на Општина Новаци.

Ги повикуваме сите граѓани да се вклучат во оваа иницијатива и преку својата креативност, грижа и љубов кон животната средина да придонесат за поубава, позелена и поуредена Општина Новаци.

**Градоначалник на Општина Новаци**
**Стевче Стевановски**

Република Северна Македонија • Општина Новаци • Новаци •